С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 10 година XLIV

20 јули 2009

194.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 ‘‘Алексо Демниев’’-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 “Алексо Демниев”- дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2009 година.

Број 08-3086/1
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05 и 137/07) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.07.2007 година донесе

ОДЛУКА
за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 “Алексо Демниев”- дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 “Алексо Демниевски”-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес Измената и дополнувањето на ДУП е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.78/06 и 140/07)и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 “Алексо Демниевски”-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес е со површина на урбано подрачје од 1,37ха.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет-дел од урбана единица 7 “Алексо Демниевски”-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од јавна презентација и јавна анкета на Нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 “Алексо Демниев”-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес

Член 4

За Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 "Алексо Демниевски"-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје број16-5449/2 од 11,06,2009 година.

Член 5

Деталниот урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 "Алексо Демниевски"-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Деталниот урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 "Алексо Демниевски"-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3055/3
15.07.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

195.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред – Точка 2: Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план УЕ3 - дел од УБ 24 – (2009-2014) Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.07.2009 година.

Број 08-3086/2
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 2: - Предлог-одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план УЕ3, дел од урбан блок 24 Велес – (2008-20013) – Општина Велес, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес.

2. Одлуката ќе биде ставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес"

Број 07-3055/4
15.07.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

196.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ5 - дел од УБ 34 – (2009-2014) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ5 - дел од УБ 34 – (2009-2014) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2009 година.

Број 08-3086/3
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05 и 137/07) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ5 - дел од УБ 34 – (2009-2014) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ 5 дел од УБ 34 Велес – (2009-2014) Општина Велес.

По утврдувањето Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ 5 дел од УБ 34 Велес – (2009-2014) Општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-3055/5
15.07.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

197.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ4 - дел од УБ 29 – (2009-2014) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел УЕ4 - дел од УБ 29 – (2009-2014) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2009година.

Број 08-3086/4
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.072009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ4 - дел од УБ 29 – (2009-2014) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ 4 дел од УБ 29 Велес – (2009-2014) Општина Велес.

По утврдувањето Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ 4 дел од УБ 29 Велес – (2009-2014) Општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и не прифатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-3055/6
15.07.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

198.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2009 година.

Број 08-3086/5
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров

Врз основа на член 54 од Законот за правоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ" бр. 68/04 и 127/06), член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес (Сл. гласник на Општина Велес" бр. 4/05, 1/07, 5/07, 16/07, 3/08 и 20/08) се врши измена во член 15, така што броевите „30.06.2009" се бришат и се заменуваат со броевите „31.12.2009".

Член 2

Ова Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 073055/7
15.07.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

199.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на Локалните избори одржани во 2009 година

Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на Локалните избори одржани во 2009 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.07.2009 година.

Број 08-3086/6
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров

Врз основа на член 86, став 3 од Изборниот Законик („Сл. весник на РМ” бр. 40/06), член 45, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2009 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2009 година.

Член 2

На организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот, односно Градоначалник на Општина Велес, им се утврдува право на надоместок за изборни трошоци во износ од 15,00 денари по добиен глас.

Член 3

Надоместокот за изборните трошоци согласно член 2 изнесува:

1.На Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ за листа на кандидати за членови на Совет на Општина Велес, за добиени 10.673 гласови, се утврдува надоместок од 160.095.00 денари.

2.На Коалицијата За Македонија заедно составена од СДСМ и ЛДП, за листа на кандидати за членови на Совет на Општина Велес, за добиени 7.748 гласови, се утврдува надоместок од 116.220.00 денари.

3.На ВМРО-НП за листа на кандидати за членови на Совет на Општина Велес, за добиени 1.686 гласови, се утврдува надоместок од 25.290.00 денари

4.На ПОДЕМ за листа на кандидати за членови на Совет на Општина Велес, за добиени 900 гласови, се утврдува надоместок од 13.500.00 денари

5. На Нова Социјалдемократска партија-НСДП за листа на кандидати за членови на Совет на Општина Велес, за добиени 1.010 гласови, се утврдува надоместок од 15.150.00 денари

6.На Партија за нова демократија за листа на кандидати за членови на Совет на Општина Велес, за добиени 911 гласови, се утврдува надоместок од 13.665,00 денари

7.На Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ за листа на кандидати за Градоначалник на Општина Велес, за добиени 14.575 гласови, се утврдува надоместок од 218.625,00 денари.

Надоместокот на трошоци за избори од ставот 1 на овој член ќе се исплати од Буџетот на Општина Велес за 2009 година.

Член 4

Ова Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-3055/8
15.07.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

200.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред- Точка 2: Предлог-решение за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.07.2009 година.

Број 08-3086/7
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.07.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 7: - Предлог-решение за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес.

2. Одлуката ќе биде ставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3055/9
15.07.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

201.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за определување на член од Советот за замена на Градоначалникот

Се објавува Решението за определување на член од Советот за замена на Градоначалникот, донесено од Градоначалникот на Општина Велес на ден 16.06.2009 година.

Број 08-3087/1
16.07.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров

Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 32, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 16.06.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за определување на член од Советот за замена на Градоначалник

1. Градоначалникот на Општина Велес за член на Советот кој ќе го заменува за време на негова спреченост или отсуство го определува:

Петре Саздов -член на Советот на Општина Велес.

2. Членот на Советот, правото да го заменува Градоначалникот во негово отсуство го стекнува по известување од страна на Градоначалникот и трае до завршувањето на отсуството.

3**.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Градоначалник
на Општина Велес,
Горан Петров

202.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 132, точка 14 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 17.06.2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинското основно музичко училиште „Киро Димов“- Велес

1. За директор на Општинското основно музичко училиште „Киро Димов“- Велес се избира:

- **Каракачанов Благојче - дипломиран професор**

2. Директорот раководењето со Општинското основно музичко училиште „Киро Димов“- Велес ќе го извршува од 17.06.2009 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Општинското основно музичко училиште „Киро Димов“- Велес да го извести кандидатот за извршениот избор .

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-2471/2
17.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

203.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 132, точка 14 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 19.06.2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“-с. Иванковци, Велес

1. За директор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски - Буридан“- с. Иванковци, Велес се избира:

- - **Златко Јанев - наставник по одделенска настава**

2. Директорот раководењето со Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски - Буридан “- с. Иванковци, Велес ќе го извршува од 19.06.2009 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски -Буридан“ с. Иванковци, Велес да ги извести кандидатите за извршениот избор .

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-2501/2
19.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

204.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02) и член 64 од Законот за ученичкиот стандард ("Службен весник на РМ" бр. 52/05),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 24.06.2009 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“-Велес

1. За директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски “-Велес се избира:

- - **Петар Илиев - професор**

2. Директорот раководењето со Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски “-Велес ќе го извршува од 01.07.2009 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „ Лазар Лазаревски“-Велес да ги извести кандидатите за извршениот избор .

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08-2647/2
24.06.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров

Бр на акт **Страница**

194	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 "Алексо Демниев"-дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес** **ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет- дел од урбана единица 7 "Алексо Демниев"- дел од урбан блок 38 -2008-2013-општина Велес**	**127**
195	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред** **З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред**	**128**
196	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ5 - дел од УБ 34 – (2009-2014) Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ5 - дел од УБ 34 – (2009-2014) Општина Велес**	**129**
197	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЕ4 - дел од УБ 29 – (2009-2014) Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт детален урбанистички план дел од УЕ4 - дел од УБ 29 – (2009-2014) Општина Велес**	**129**
198	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**	**130**
199	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на Локалните избори одржани во 2009 година** **О Д Л У К А за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2009 година**	**131**

Бр на акт **Страница**

200	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**	**132**
	З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред	
201	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за определување на член од Советот за замена на Градоначалникот**	**132**
	Р Е Ш Е Н И Е за определување на член од Советот за замена на Градоначалник	
202	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинското основно музичко училиште „Киро Димов“- Велес**	**133**
203	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“-с. Иванковци, Велес**	**133**
204	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“-Велес**	**133**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00